**Автор:** Снежана Камиловска Трповска, Валентина Величковска
**Дата:** Август, 2023
**PDF:** North-Macedonia-MM-Brief-2022.pdf




МЦМС продолжува да ја следи овозможувачката околина на граѓански организации за која цел го подготви деветиот Извештај за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество за 2022 година. Следењето се заснова на матрицата за следење на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество, развиена од претставници на организации членки на Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН).

Извештајот ги следи состојбите во околината во која дејствува граѓанското општество во рамките на трите клучни области:

1. Основни загарантирани законски слободи;
2. Рамка за финансиска одржливост на граѓанските организации;
3. Односот меѓу Владата и граѓанските организации.